**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ДРАМСКА УМЕТНОСТ*

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ЗА IV ГОДИНА**

**Скопје, 2003 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет: ДРАМСКА УМЕТНОСТ**

**1.2. Вид на средно образование:** гимназиско

**1.3. Година на изучување: четврта**

**1.4. Број на часови:**

- Број на часови неделно: 2 часа
- Број на часови годишно: *66* часа

**1.5. Статус на наставниот предмет:** изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**2.1. Општи цели** на наставата по предметот *драмса уметност* во гимназиското образование се:

- учениците да ја разберат природата на театарските уметности;
- да го разберат процесот на создавање театарски уметности и нивното проучување;
- да ги осознаат театарските уметности како целина од повеќе уметности и нивните посебни специфики.

**2.2. Посебни цели**

- Учениците да покажат знаење за најзначајните развојни периоди во театарската историја;
- да ја разберат реалацијата на театарските уметности;
- да се оспособат за реализација на посебни сегменти на театарските уметности;

- да можат да презентираат  знаење, вештини, разбирање за  различните сегменти на театарските уметности пред публика.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За постигнување на поставените цели во наставата по предметот **драмска уметност** потребни се предзнаења од наставните предмети :

- македонски јазик и литература;
- ликовна уметност;
- музичка уметност;
- говорење и пишување;
- историја;
- историја на уметност.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Образовниот процес е структуриран од повеќе дела со предвидени соодветен  број часови за реализација на програмата. Ваквата поставеност произлегува од поврзаноста на сите сегменти од овој предмет за постигнување на целта - оспособување на учениците за вистинско разбирање на театарската уметност како комплексна и посебна уметност.

**4.1. Структуирање на содржините**

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: *ДРАМСКА УМЕТНОСТ* (66 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Области и содржини** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| **ТЕАТАРОТ КАКО МЕДИУМ**<br><br>**КРАТКА ИСТОРИЈА НА ТЕАТАРОТ**<br>**Поим и потекло на театарот**<br>**Мит-ритуал-театар**<br>**Театарот-уметност на повеќе уметности**<br><br>**Хронологија на театарот**<br>**Театарот во антиката. Театарот во средниот век. Театарот во ренесансата. Викторијанското доба и развојот на театарот. Клучните театарски концепти на XVIII и XIX век. XX век-време на редефинирање на театарот низ повеќе негови форми**<br><br>**Театарот и другите медиуми** | - Учениците го разбираат поимот театар и театарска уметност;<br><br>- го осознаваат потеклото на театарот наспроти другите уметности;<br><br>- умеат да ги извлечат спецификите во хронолош-киот развој на театарот;<br><br>- умеат да ги постават белезите на театарот наспроти другите медиуми. | - Учениците добиваат текстови, видеозапис од театарска претстава, пример на илустративен материјал од други уметности кои ги споредуваат.<br><br>- Илустративен или видеоприказ на театарот во различни епохи.<br><br>- Дискусија за театарот во различни епохи.<br><br>Учениците работат поделени во групи. Секоја група го поврзува театарот со одреден медиум и сработената задача ја презентира. | Корелација со:<br>- македонски јазик и литература<br>- Компаративна книжевност<br>- Историја<br>- Ликовна и музичка уметност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА АКТЕРСТВОТО**<br><br>Претходници (шамани, свештеници, танчери, карневалџии)<br><br>Теспис и хорот, воведување на вториот и третиот актер во античкиот театар<br><br>"Децата на ѓаволот" во средновековието и скоморосите<br><br>Патувачките актери<br><br>Актерите во комедија дел`арте<br><br>Актерите во класичниот азиски театар<br><br>Актерите во шекспировскиот театар<br><br>Школуваниот актер во модерните времиња (Станиславски, Брехт, Гротовски) | Учениците етапно го осознаваат развојот на актерството.<br><br>Учениците го разбираат актерството во контекст на театарската уметност.<br><br>Учениците умеат да ги издвојат белезите на актерот во различни временски периоди. | Учениците добиваат задача да истражуваат материјал за соодветен период од развојот на актерството.<br><br>Вежби во кои учениците драматизираат профили на актери од различни временски периоди.<br><br>Дискусија и споредба на актерството во различни епохи. | Корелација со предметот (изборен од втора година):<br>- говорење и пишување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА РЕЖИЈАТА**<br>Претходници ("режисерите" на средновековните мистерии)<br><br>Кронег и театарот на војводата од Мајнинген<br><br>Станиславски и МХАТ<br><br>"Режисерската револуција" од почетокот на XX век (Апиа, Крег, Мејерхољд), Брехт, Брук | Учениците ја осознаваат улогата на режисерот во различни временски периоди<br><br>Учениците можат да ги извлечат разликите на улогата на режисерот во различен временски период | - Учениците добиваат фрагменти од теоријата на драмската уметност за дискусија како појдовна точка кон пробна режија.<br><br>- Учениците добиваат задача да „режираат" соодветни текстови според улогата на режисерот во различни временски периоди. | Корелација со:<br><br>- Македонски јазик и литературе<br>- Историја<br>- Историја на уметност |
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА ДРАМСКОТО ПИСМО**<br>**Драма, драмско писмо**<br>**Драматургија**<br>**Драмата како литературен вид и како претстава**<br><br>**Драмски категории.** Драмско дејство, драмски лик/карактер, драмски дијалог, драмска ситуација. | Учениците умеат да направат разлика меѓу драма како литературен вид и како претстава.<br><br>Учениците учат за поимот драматургија.<br><br>Учениците ги учат основните драмски категории. | - Добиваат текстови без никакви ознаки за кои ќе треба да направат класификација<br><br>Учениците добиваат домашна задача да прочитаат две драми, а потоа ги добиваат следниве упатства:<br>- го одредуваат драмското дејство во двете драми (сличности-разлики);<br>- одредуваат ликови;<br>- извлекуваат дијалози;<br>- претствуваат драмски ситуации. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Техника на драмата. Аристотел. Фабула, карактери, израз, расудување (мисла), претстава и музичка композиција** | Учениците ја учат основата на техниката на драмата.<br><br>Учениците ги осознаваат основните драмски термини. | | Корелација:<br><br>македонски јазик и литература |
| **Видови на драми. Трагедија. Комедија. Драма. Трагикомедија. Мелодрама. Фарса** | Учениците учат да ги извлекуваат специфичните белези на различни видови драми. | Учениците читаат по едно-две дела од сите видови драма. По читањето прават табела на специфични карактеристики на секој вид. | |
| **Видови драмски форми:** едночинка, три чина, пет чина | Учениците учат за основите на различните видови драмски форми. | Учениците добиваат текст во кој нема поделба по чинови и тие треба да ги одредат чиновите. | |
| **Разновидноста на драмските форми во дваесеттиот век.** | Учениците ги осознаваат белезите на разновидните драмски форми на 20 век. | Учениците читаат драмски текстови од различни временски периоди и извлекуваат типични белези за драмските форми на 20 век. | |
| **Објаснување на термините: драматург и драматургија; драматичар и драматика** | Учениците го разбираат значењето на термините. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КРАТКА ИСТОРИЈА НА КИНЕСТЕТИКАТА**<br>**Генеза**<br><br>**Основни функции на кинестетиката**<br><br>**Ритуал и движење**<br><br>**Танцови уметнички форми.**<br><br>**Појава на артифициелен кинестетички систем**<br><br>**Ритам, движење, експресија**<br>**Основни комуниколошки кинестетички кодови**<br><br>**Современ телесен говор**<br><br>**Дистинкција: танц-движење**<br><br>**Современи движечки ритуали** | Учениците ја осознаваат генезата на кинестетиката.<br><br>Учениците го разбираат движењето како начин на изразување.<br><br>Учениците ги разбираат основните функции на кинестетиката.<br><br>Учениците ги осознаваат:<br><br>- ритуалот;<br>- танцот како уметничка форма;<br>- улогата на ритамот;<br>- современоста на телесниот говор;<br>- разликите меѓу танцот и двиежењето.<br><br>Учениците ја разбираат улогата на кинестетиката во | На учениците преку виедозапис им се презентира:<br>- ритуал наспроти движење;<br>- танц;<br>- движења, танц во кој ритмот се изоставува и во кој е присутен.<br><br>- Дискусија за различните движења. | Корелација со:<br><br>балетската уметност, фолклорот ( народните ора),<br>музичката уметност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | театарската уметност. | | |
| **ОСНОВИ НА ТЕАТАРСКАТА И ФИЛМСКАТА ПРОДУКЦИЈА**<br><br>**Поим продукција. Продуцент и продукт**<br>**Менаџмент и маркетинг во културата**<br><br>**Како да се организира претставата. Продукција на театарска претстава. Од мали чекори до готов продукт/производ**<br><br>**Продукција на филм-дејност на повеќе продуценти** | Учениците ги учат основите на поимите продукција, продуцент, продукт, менаџмент.<br><br>Учениците преку етапна организација на претставата ги учат чекорите за создавање на „готов производ"<br><br>Учениците ги учат улогите (дејноста ) на сите вклучени лица во создавање претстава.<br>Учениците ја извлекуваат разликата меѓу театарската и филмската продукција. | Учениците се делат во групи кои ќе имаат задача да направат план, секоја група посебно, како ќе стартуваат со организација на претстава, а како истата ќе ја пласираат на сцена.<br>Плановите ќе се разгледаат и ќе се вреднуваат | Корелација со :<br><br>- визуелните уметности;<br>- економија со менаџмент. |
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ**<br><br>**ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО РЕЖИЈА**<br><br>**Што работи режисерот во театарот** (избор на текстот, подготвителен период, анализа на текстот, поставување на мизансценот, разработка на сцените, компонирање на | Преку осмислените вежби учениците ја учат улогата на режисерот и сите негови соработници посебно. Преку ваквите вежби учениците ја осознаваат вистинската важност на секој соработник и режисерот заедно. | Учениците се ставаат во улога на режисер и на сите негови соработници посебно.По ваквите вежби учениците се одредуваат во која улога најмногу ќе можат да функционираат при создавање на завршната претстава. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| претставата)<br><br>**Претставата не е илустрација на текстот.**<br><br>**Режисерот и сите негови соработници** (драматургот, лекторот, композиторот, сценографот, костимографот, инспициентот...)<br><br>**"Видлива" и "невидлива" режија**<br><br>**Режисерот и просторот** | Учениците стекнуваат знаење и способност за практична примена на истото. | | Корелација со:<br><br>- ликовна уметност;<br>- музичка уметност;<br>- македонски јазик;<br>- моден дизајн. |
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО АКТЕРСКА ИГРА**<br>**Имитација.** *Практични индивидуални вежби*<br><br>**Импровизација.** *Практични групни вежби*<br><br>**Дијалог (гестуален и вербален)**<br>*Вежби со развивање на дијалог*<br><br>**Дејство и конфликт**<br>**Како се гради драмски лик?**<br>(Карактеристики на ликот, темперамент, задача на ликот) | Учениците ја разбираат спецификата на актерската игра.<br><br>Учениците ги осознаваат чекорите на создавање на улогата на еден актер.<br><br>Учениците се оспособуваат за примена на стекнатото теоретско знаење. | Наставникот избира текст (текстови) од кој се извлекуваат различни улоги за актер кои ги добиваат учениците. На учениците им се дава одреден временски период за кој тие треба да ја подготват добиената улога.<br>Секој ученик (актер) ја презентира подготвената улога која од публиката се вреднува. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Лице и маска**<br><br><br><br>**ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО ПИШУВАЊЕ НА ДРАМСКИ ТЕКСТ**<br>**Намена на драмскиот текст, на филмско и ТВ-сценарио**<br><br>**Пишувањето почнува од идеја.**<br>Како се бараат идеи, како се формулира основната идеја.<br>Развивање на основната идеја во синопсис-основната содржина<br><br>**Основни примери за пишување**<br><br>**Вежби за идеи**<br><br>**Вежби за синопсис**<br><br>**Вежби за дијалог**<br><br>**Вежби за монолог**<br><br>**Вежби за пишување сцена**<br><br>**Пишување на едночинка** | Учениците ги учат етапите на процесот за пишување драмски текст.<br><br><br><br><br><br>Учениците преку наведените вежби го учат и го практикуваат процесот на создавање драмски текст од идеја до „готов производ”. | Учениците добиваат задача:<br><br>- да состават листа на зборови за кои треба да смислат листа на идеи;<br><br>- да развијат даден само почетен дел од синоспсис;<br><br>- теми (проблеми) за кои треба да направат дијалози и монолози;<br><br>- добиваат празен лист хартија во форма на квадрат. Секој агол треба да го полнат со текст кој треба да се развие во целина на една сцена. | Корелација со:<br><br>говорење и пишување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ПО КИНЕСТЕТИКА**<br><br>**Воведни вежби.** Подготовка на телото за работа-пат кон активно и чувствително тело<br><br>Креативен од: стилски, карактерен, стилизиран.<br>Став/неутрално тело<br>Трчање, дишење и завршни вежби<br>Вежби за општо развивање<br><br>**Ритмички вежби:** темпо, метар, динамика, акцент, форма и фразирање<br>Усовршување на ставот на телото. координација на движење, говор и пеење<br><br>Усовршување на рамнотежата<br>Усовршување на изразната моќ на рацете<br>**Импровизации**<br><br>**ПОДГОТОВКА НА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА**<br><br>**ЗАВРШНИ ПРОБИ И ИЗВЕДБА НА ТЕАТАРСКА** | Учениците преку активните вежби по кинестетика ја спознаваат улогата на телото во актерската игра.<br><br>Учениците го разбираат движењето како дел од актерската игра.<br><br>Учениците преку подготовка на театарска претстава | Учениците добиваат задача да одиграат (одглумат) различни движења:<br><br>- паѓање<br>- најразлични замавнувања на рака (пр. шлаканица);<br>- чекорења;<br>- скокање<br>итн. | Корелација со:<br><br>балетската уметност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРЕТСТАВА** | практично ги применуваат стекнатите теоретски знаења. | | |

**4.2. Наставни техники и активности на учење**

За постигнувањето на целите на наставната програма по предметот **драмска уметност**, задолжително е да се применуваат современи активни техники и методи на работа како што се: пополнување празен квадрат; агли, вкрстено испрашување, еден вовед-повеќе текстови; дневник со двоен запис и други. Техниките на активно учење поттикнуваат ефикасна примена на стекнатите вештини и знаења во идентификување, опишување, појаснување, докажување, развивање на критичко и креативно мислење при усното и писменото изразување.

**4.2.1. Активности на наставникот**

Активното учење од наставникот бара тој да престане да биде трансфер на знаење и испрашувач. Наставникот што ќе ја реализира програмата на овој наставен предмет ќе треба:

- да направи прецизно глобално и тематско планирање, со внесување на сите можни современи техники за секој дел од наставната програма;
- да осмислува и да создава креативен амбиент;
- да поттикнува дискусии за сработените задачи на учениците;
- да планира и да осмислува посети на театарски претстави, театарски проби;
- да планира реализација на часови работилници за режија, актерство, продукција.

**4.2.2. Активности на ученикот**

Активностите на ученикот ќе произлезат непосредно од техниките на учење што ќе ги промовира наставникот во рамките на групната и на индивидуалната форма на работа. Ученикот самостојно ќе истражува, ќе се оспособи за јавни настапи, ќе организира и ќе планира реализација на одредени предвидени содржини од програмата и друго. Сите активности на ученикот се со цел тој да биде централен субјект во наставата, што ќе го мотивира кон самостојно учење и самооценување.

**4.3. Организација и реализација на наставата**

Наставата по предметот **драмска уметност е општообразовна.** Таа ќе се базира врз активно учество на ученикот во поставувањето, водењето (анализата) и разрешувањето на проблеми и ситуации што се однесуваат на содржините од наставната програма. Програмата ќе се реализира во училиште, на наставни часови, во специјализирани училници и кабинети, во театар, на сцена според однапред изготвен неделен распоред на часови.

По проценка на наставникот, во насока на постигнување на целите на наставата, ученикот ќе добива задачи за изработка на домашни работи, водење на мини проекти, следење на одредени ТВ-емисии, театарски и филмски претстави, учество на трибини организирани во и надвор од училиштето.

Наставникот ќе врши глобално, тематско и дневно планирање на наставата, кое ќе содржи опис на неговите активности и на активностите на учениците. Покрај описот на активностите на наставникот и ученикот, подготовката на наставникот за час ќе подразбира и дополнителни мотивациони компоненти за ученикот преку осмислени активности.

### 4.4. Наставни средства и помагала

#### 4.4.1. Наставни средства

За постигнување на целите на наставата по предметот **драмска уметност** неопходна е стручно осмислена и планирана примена на различни наставни средства и тоа, пред сé: текстови за анализа, аудио и видеокасети, табла, проектор, графоскоп, касетофон ,ТВ приемник со видеорикордер, компјутер со соодветни програмски пакети, како и пристап до Интернет и ЛЦД проектор.

#### 4.4.2. Учебници и учебни помагала за учениците

За реализација на оваа наставна програма неопходно е изготвување адекватен учебник, според Концепцијата за учебници. Препорачливо е да се изготви и користи и збирка текстови со подготвени осмислени вежби која ќе се употребува за практична реализација на програмата.

#### 4.4.3. Дополнителна литература за наставниците

**Интервенција на професорите од ФДУ**

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

За оценување на напредувањето на ученикот, т.е. за квалитетот и обемот на неговите знаења и вештини, наставникот треба да користи различни техники кои ги покриваат наставните содржини. Наставникот треба да внимава на објективните можности на ученикот при поставувањето на задачите. Прашањето или задачата (или и двете заедно) треба да соодвествуваат со етапата од реализираната програма (познавање, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалвација - моќ на проценување).

Оценувањето треба да биде континуирано и, пред сé, да е во насока на мотивирање на ученикот. Сите успешни (позитивни) постапки, знаења и оригинални творби на ученикот треба да се истакнуваат со цел тој да се стимулира во неговото надградување и самоиницијатива.

Ученикот би можело да добие оценки за следниве негови активности или добиени задачи:
- изработка на есеј  на тема од теоријата на драмските уметности;
- актерска игра – одредена улога;
- режија;
- кинестетика – движење;
- улогата која ученикот ја има во завршната претстава.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Наставникот по предметот **драмска уметност** во гимназиското образование треба да поседува високи персонални, професионални и педагошки карактеристики:

- стручно компетентен во наставата, партнер и педагог во комуникацијата со учениците, подготвен со соодветни дидактички решенија за ситуациите во училницата и во училиштето, предавач, мотиватор, објективен оценувач на знаењата и вештините на ученикот и проценувач на објективните можности на ученикот, добронамерен партнер во емоционалните односи, воспитувач, позитивна личност.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот **драмска уметност** може да ја изведува лице со завршен Филолошки факултет на следниве студиски групи:
- завршен студент на ФДУ со положени дидактички предмети за потребни за реализација на образовен процес;
- Компаративна книжевност со положени  дидактички предмети;
- Македонски јазик и книжевност;
- Јужнословенска книжевност.

**Работната комисија по сугестија на професорите од ФДУ препорачуваат да има задолжителна обука за наставниците кои ќе го предаваат овој предмет пред да започне реализацијата на наставниот предмет.**

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** ноември 2003 година.

**7.2. Состав на работната група:**

1. Тања Андонова-Митревска - советник, Биро за развој на образованието, Скопје - координатор
2. проф. д-р. Јелена Лужина – професор на ФДУ
3 проф. Владимир Милчин – профессор на ФДУ
4. проф. Русомир Богдановски – професор на ФДУ
5. Душко Стојановски – профессор по македонски јазик и литература - ДСУ “Орце Николов”, Скопје
6. Лирија Реџепи – советник, Биро за развој на образованието, Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА:

**Датум на започнување:** 01.09.2004 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по драмска уметност ја одобри (донесе) ____________________________________________

____________________________________________________________ со решение број _______________ од ________________година.